РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 10 - 218/2
18. 02 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

1. **Дали во текот на годинава, минатата 2023 и во 2022 година КЗД има примено пријава/ви за дискриминација на лица со попречености или можеби граѓани по основ на неможност за пристапност до институции, локални и национални, во државата? И дали меѓу нив можеби има граѓани од Општина Неготино?**

Во периодот од 2022 до 2024 година до КСЗД се доставени 39 претставки за заштита од дискриминација врз основа на попреченост. Дополнително, поведени се и 4 постапки по службена должност, така што вкупниот број конкретни предмети за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во извештајниот период 2022-2024 година изнесува 43, и тоа:

- 14 во 2022 година
- 9 во 2023 година
- 20 во 2024 година

Од вкупно 43 предмети, 31 се пријави за заштита од дискриминација против субјекти или одговорни лица, односно вработени во јавниот сектор, од кои:

- 9 во областа на работните односи, односно претставки од вработени лица поднесени против работодавачи од јавниот сектор
- 8 во областа на социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита, од кои 4 во социјалната сигурност и заштита, 2 во здравствената заштита, 1 во детската заштита (детски градинки) и 1 во остварување на право на пензија.
- 6 во областа на образованието, од кои 3 против Министерството за образование и наука, 2 во основни училишта и 1 во училиште за средно образование.
- 6 во областа на пристап до добра и услуги, во надлежност на локалната самоуправа, услуги на јавните паркиралишта, услуги на центрите за социјална заштита, услуги во нотарската дејност, услуги во јавни здравствени установи, како и пристап во објекти за остварување други права.
- 2 во други области

До КСЗД досега не се пристигнати претставки заради заштита од дискриминација врз основа на попреченост поднесени од граѓани во Општина Неготино.

2. **Каква постапка води Комисијата во вакви случаи, има ли конкретни решенија и од што тие се состојат?**

Од досега примените претставки и поведените постапки по службена должност на Комисијата **утврди 10 случаи на дискриминација врз основа на попреченост**, и тоа
Утврдена дискриминација во областа на образованието

- Постапка по службена должност 08-82 од 03.02.2022
- Претставка 08-463 од 30.08.2022
- Претставка 08-245 од 14.02.2024

- Постапка по службена должност 08-599/3 од 13.09.2024

Утврдена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги

- Претставка 08-240 од 20.03.2023
- Претставка 08-848 од 13.12.2023
- Постапка по службена должност 08-538 од 20.10.2022

Утврдена дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми

- Постапка по службена должност 08-335 од 15.06.2022

Утврдена дискриминација во областа на работните односи

- Претставка 08-240 од 12.02.2024

Утврдена дискриминација во областа на детски градинки

- Претставка 08-239 од 12.02.2024

Во однос на останатите предмети КСЗД ги донесе следните одлуки:

- Во еден случај Комисијата утврди дека има дискриминација, но не врз основа на попреченост, туку врз друга основа: Претставка 08-525 од 05.10.2022
- 13 мислења со кои не се утврди дискриминација
- 6 претставки се отфрлени заради ненадлежност, неуредност или ненавременост
- За 5 претставки не се поведе постапка, односно се запре постапката заради повлекување на претставката во текот на постапувањето, се работело за претставка по која веќе било постапувано, а не се понудени нови факти и околности).

Постапувањето, односно одлучувањето по останатите претставки е во тек.